**оригинален научен труд**
**УДК: 303.446.4(495)**

# ФИЛАРХ, ПОЛИБИЈ И РАЗВОЈОТ НА ХЕЛЕНИСТИЧКАТА ИСТОРИОГРАФИЈА ВО III ВЕК ПР. Н. Е. *

**Стефан Пановски**
*Институт за национална историја, Скопје, Македонија*

**Keywords:** hellenistic historiography, tragic history, Phylarkhos, Polybios

**Summary:** The subject of this paper is the development of the historiography in the early Hellenistic period, with a brief recapitulation of the problem of the so-called tragic history and the influence of rhetoric and philosophy on the 3rd century historiographers. The first problem that can not be overestimated is the fragmentary condition of the works from this period, which prevents us from forming a complete and final assessment of the value of these works. As to the question of the existence of tragic history as a separate sub-genre of ancient historiography, here the theory that practically it never existed is defended. On the other hand, while not denying the fact rhetoric and stylistic considerations in general played a greater role, the author warns that this does not mean that these works should a priori be relegated as inferior, i.e. that the historiographers were not interested in the truthfulness of the episodes that they were depicting. In the second part, the attention is turned towards Polybios' criticism of the work of Phylarkhos; the conclusion being that even though Polybios' attacks had more to do with his political affiliation rather than his theoretical criteria, nor were they always completely accurate, his evaluation, i.e. condemnation of Phylarkhos seems to be acceptable. What is perhaps more important is that this polemical digression clearly illustrates the shortcomings of Polybios himself, whose work and interpretations are all too often accepted without further analysis.

**Клучни зборови:** хеленистичка историографија, трагичка историја, Филарх, Полибиј

**Резиме:** Темата на трудот е развојот на историографијата во раниот хеленистички период, со кус осврт врз проблемот на таканаречената *трагичка историја* и влијанието на реториката и философијата врз историографите од III век п.н.е. Првиот проблем што не смее да се потцени е фрагментарната состојба на делата од овој период, што нè спречува да оформиме целосна и завршна оценка за значењето на овие дела. Што се однесува до прашањето за *трагичката историја* како посебен жанр во античката историографија, во овој

* Трудот беше завршен пред излегувањето на одличниот зборник *Polybius and His World: Essays in Memory of F.W. Walbank*, така што статиите, каде што се обработуваат некои од темите опфатени во овој труд, не можев да ги искористам.

труд се застапува теоријата дека таа никогаш и не постоела. Од друга страна, иако не се одрекува фактот дека реторските и стилистичките размисли, генерално имале поголемо значење, се предупредува дека тоа не значи дека овие дела треба *a priori* да се отфрлат како инфериорни; односно дека историографите не биле заинтересирани за вистинитоста на настаните што ги опишувале. Во вториот дел, вниманието е свртено кон критиките на Полибиј на сметка на делото на Филарх; при што се утврдува дека иако нападите на Полибиј повеќе се мотивирни од неговата политичка наклонетост одошто од методолошките критериуми, и не секогаш се сосема точни, неговата оценка, односно осуда на Филарх се чини прифатлива. Тоа што можеби е поважно, е дека оваа полемичка дигресија јасно ги посочува и недостатоците на самиот Полибиј, чие дело и толкувања пречесто се прифаќаат без подетална анализа.

1. Своевремено, во предговорот на своето славно дело посветено на падот на Римското Царство, Џ. Бјури со жалење заклучува дека „За ниту еден период, уште од времето на Александар Велики, немаме толку силно чувство дека фрагментарноста на изворите создава несоодветен и потценувачки впечаток за големината и значењето на настаните.“ Навистина, подоцнежните извори, барем во одредена мера, ја надополнуваат загубата на современите истории посветени на животот на Александар. Но, за најголемиот дел од III век ст. е., што се карактеризирал со извонредна динамичност, не само што не се зачувани современите истории туку немаме ниту подоцнежни извори. Значителен дел од бројните историографи што твореле во тој период, денес се само имиња за кои не знаеме речиси ништо. Доволно е само да се спомене дека од 46 познати историографи, кои обработувале одредени аспекти од хеленистичкиот период – биографии на владетели, истории на народи, или пак области – денес сите се загубени (WALBANK, 1984). Од делата, пак, на најзначајните и на највлијателните историографи од овој период, сочувани се само малубројни фрагменти.

Па сепак, дури и покрај ваквата состојба, бројноста на темите сочувани во фрагментите, и посредните сведоштва, упатуваат на заклучок не само дека историграфите биле особено плодни во овој период туку и дека меѓу нив постоело значителна различност во изборот на: темите, методологијата, целите, а според тоа, и во нивното сфаќање на историографијата.

Поради тоа, цениме дека би било корисно најпрво да дадеме краток преглед на главните карактеристики и особини на историографијата во III век пр. н.е. Веднаш треба да се истакне дека не претендираме на опширен и исцрпен приказ на сите проблеми и несогласувања поврзани со историографите од овој период. За главна задача си поставивме да дадеме кус преглед само на најважните и на

најпроблематични прашања. Ваквата одлука е мотивирана од две причини. Пред сè, не само целокупната историографија од III век пр. н.е. туку и одредени автори се предмет на бројни и опширни истражувања на современите историчари,[1] така што би било сосема наивно да се очекува дека во еден ваков преглед би можело да се исцрпат сите проблеми. Од друга страна, пак, токму поради фрагментарноста на делата на овие автори, цениме дека сите анализи и реконструкции, колку и да се аргументирани и убедливи, во најдобар случај се само веројатни и логични претпоставки. Имено, како што покажа П. Брант, методолошки многу е опасно да се донесуваат конечни заклучоци и дефиниции за овие историографи, бидејќи тие во крајна линија се темелат на фрагменти, кои можеби биле погрешно сфатени, односно пренесени од подоцнежните извори, или пак биле извлечени од контекст, така што често може да доведат до создавање на погрешен впечаток (BRUNT 1980; *cf.* PEARSON 1943; ERSKINE 2005, 5-9).

Така, да претпоставиме дека сè што е сочувано од Полибиј се еден-два фрагмента, каде што овој историограф си дозволил да се впушти во поемотивни, односно попатетични прикази. Врз нивна основа, веројатно, тој ќе беше вброен меѓу „трагичките“ историографи. Па, сепак, благодарение на сочуваните делови од неговото дело знаеме дека, напротив, тој ѝ припаѓа на „прагматичката“ историографија. Се разбира, ова е замислен пример, но цениме дека сепак, доволно јасно ги покажува ограничувањата при изучувањето на оние историографи од чии дела се сочувани само малубројни фрагменти.[2] Затоа, сите заклучоци и претпоставки поврзани со трендовите и со правците што доминирале во историографијата од III век пр. н.е., мораат да се земат со значителна доза на резерва.

2. Па сепак, се чини дека можат да се дефинираат одредени генерални правци и обележја на историографијата во хеленистичкиот период. Така, на пример, што се однесува до изборот на темите што

---

[1] За општи прикази на историографијата во хеленистичкиот период, каде што е наведена и главната литература *v.* WALBANK 1984, 1-10; ID. 1981, 13-21; CONNOR 1985, 458-71; TARN & GRIFFITH 1952, 283-9; BURY 1909, 150-223; SHIPLEY 2000, 5-20, 262-70; HADAS 1959, 115-29; OLIVER 2006, 113-35; PRESS 1982, 35-60. *cf.* MOMIGLIANO 1978; RHODES 2010, 29-32; MARINCOLA 2001, 105-12; AUSTIN 2006, 4-7.

[2] Во таа насока интересна е статијата на Ланфан, кој покажува дека доколку *Историјата* на Херодот не беше сочувана до денес, а за нејзино познавање единствено би можеле да се потпреме на подоцнежните изводи и цитати, тогаш би имале прилично погрешно сфаќање за овој автор и неговото дело (LENFANT 1999).

биле обработувани, историографите од хеленистичкиот период во голема мера ја продолжуваат традицијата од V и IV век пр. н. е. [3]

Од една страна, продолжува опишувањето на современи настани – традиција што се надоврзува уште на делото на Тукидид и на неговите продолжувачи. Најпознати историографи од III век, што ги обработувале современите настани се, секако, Хиероним од Кардија, Филарх и Полибиј. Исто така, продолжува и пишувањето на локални истории, што влече корени уште од времето на логографите. Меѓу нив најважни се: атидографот Филохор; Нимфид од Хераклеја Понтиска; Тимај од Тавромениј, чија *Sikelika* била прифатена како најиздржан приказ на историјата на западните Хелени.[4] Како последица, пак, на походот на Александар III, повторно се буди интересот и за источните земји, народи и нивните традиции. Во основа, како автори на ваквите дела се наведуваат уште делата на Хекатај од Милет и на Херодот. Тука, во прв ред, секако, спаѓаат адмиралите на Александар III – Неарх и Мегастен; но и Хекатај од Абдера во Египет и Манетон, кои пишувале истории на Египет, како и Берос, кој напишал историја на Бабилонија.[5] Најголемиот дел од овие историографи претставуваат реакција на Тукидид – главната тема на интерес кај нив не е ограничена, речиси исклучиво, на политичките настани, а значајно (често и клучно) место заземаат етно-географските прикази. Во таа смисла, голем дел од историографите од IV и од III век пр. н.е., се поблиски до Херодот, отколку до Тукидид, чие директно и очигледно влијание е ограничено само на неколку автори.

Од друга страна, историографот Теопомп, своето дело *Hellenika*, каде биле прикажани настаните од 411 г. пр. н.е. до битката кај Книд (394 г. пр. н.е.), не го продолжил со понатамошен општ приказ на настаните, туку со делото *Philippikai historiai*, со што во историографијата како централна тема се поставува личноста, (најчесто) на владетелот.[6] По него, кај повеќе историографи, вклучувајќи ги и

---

[3] Добар преглед за развојот на историографијата во хеленистичкиот период пред Полибиј кај WALBANK 1972, 32-65.

[4] За Тимај *v.* K. MEISTER, *OCD*³, s.v. Timaeus (2).

[5] За Неарх *v.* H. BERVE & W. CAPELLE, *RE* XVI/2 (1935), s.v. Nearchos (3), coll. 2132-54; W. SPOERRI, *KP* IV (1964), s.v. Nearchos (1), coll. 33-4; за Мегастен, BOSWORTH 1996; за Хекатај од Абдера, F. JACOBY, *RE* VII/2 (1912), s.v. Hekataios (4) von Abdera, coll. 2750-69; DILLERY 1999. Добар преглед за Хекатај, Манетон и Берос кај GMIRKIN 2006.

[6] За Теопомп *v.* K. MEISTER, *OCD*³, s.v. Theopompus (3); BRUCE 1970; POWNAL 2004, 143-75; VON FRITZ 1941; FLOWER 1997.

Хиероним од Кардија и Полибиј, на поединците им припаѓа значајно место (*cf.* MARINCOLA, 2001, 107).[7]

Меѓутоа, и оваа постапка во суштина не е новина. Имено, како што вели С. Хорнблоуер, приказот на Филип II кај Теопомп, всушност се надоградува на приказот на Алкибјад кај Тукидид (HORNBLOWER, 1994, 33).[8] Развојот на овој тип дела во хеленистичкиот период, во голема мера, се должи на политичките промени. Од една страна, времето на полисите, како главни политички фактори, неумоливо одминувало, а главниот збор сега го воделе новите хеленистички монархии. Според тоа, разбирливо е што токму владетелите на овие држави стануваат централна тема во дел од историографските дела. Од друга страна, ваквиот развој е под силно влијание и на филозофските учења од V и од IV век пр. н.е., кога софистите и Сократ, како главна тема на своите учења, ќе го постават човекот, кој е основно мерило за сѐ (BURY, 1909:153).[9] Затоа, не изненадува што токму личноста во *Анабасата* на Ксенофонт, инаку ученик на Сократ, полека станува централна тема.[10]

Истовремено, во овој период, доаѓа и до развој на биографската литература.[11] Меѓутоа, веднаш треба да се истакне дека главниот дел од овие дела, иако несомнено даваат бројни историски податоци, во основа, не би требало да се вбројуваат во историографски. Имено, станува збор или за  философско-етички дела, каде што главна тема е: карактерот на некоја личност, или, пак, за пофални слова, односно панегирици во чест на некој државник. Корените на првата струја несомнено се во веќе споменатите  философски текови, а особено во делото *Карактери* на Теофраст. Втората, пак, се чини дека повеќе е поврзана со софистите, односно со реториката и со пофалните говори

[7] Полибиј иако го критикува пристапот на Теопомп (viii.11.3-5), доволно е само да потсетиме на неговите прикази на Филип V или Антиох III, а да не зборуваме за римските државници, за веднаш да стане јасно дека и тој, сакал или не сакал, значителен дел од своето дело посветил на животите и карактерите на овие личности. За односот на Полибиј кон Теопомп, *v.* BEARZOT,2005.

[8] Всушност, доколку се потсетиме дека и Херодот и Тукидид живееле во времето на „златниот век“ на атинската демократија, може да се каже дека веќе кај нив поединецот е исто толку централна тема, барем колку што тоа било прифатливо за општеството. Затоа, воопшто не изненадува што Тукидид посветува најмногу внимание на животот на Алкибјад, кој имал водечка улога во втората фаза од Пелопонеската војна. *cf.* MARINCOLA,2001:96.

[9] Детално за ова прашање, *v.* PEDECH,1964:204-10.

[10] Дека не станува збор за појава ограничена на историграфијата, можеби најдобро сведочи споредбата меѓу тројцата најголеми атински трагедиографи. Имено, наспроти Ајсхил и Софокле, каде што главните ликови попрво се олицетворение на филозофските, етичките и политичките сфаќања на авторите, кај Еврипид состојбата е спротивна, при што, во прв план, испливуваат карактерите и страстите на главните протагонисти.

[11] За развојот на биографската литература *v.* MOMIGLIANO,1971. *cf.* WALBANK,1973.

(*cf.*WALBANK,1967:223).[12] Разликите меѓу овие две струи, но и меѓу биографската литература и историографијата, најдобро може да се забележат преку два цитата од античките автори. Од една страна, Плутарх, кој несомнено претставува врв на првата струја, недвосмислено вели: „Јас не пишувам историја, туку животописи," при што понатаму истакнува дека главна тема на неговиот спис не се делата, туку карактерот на Александар (Plut., *Alex.* 1.2 ‡ 3). Од друга страна, Полибиј, кој своевремено напишал енкомиј во три книги, посветен на животот на Филопојмен. Подоцна, во својата *Историја*, дава споредба меѓу двата приказа: „Имено, како што, претходното дело, составено како енкомијастичко, бараше сумарен и не без претерувања приказ на делата, така *Историјава*, која подеднакво и фали и куди, бара вистинит приказ поткрепен со докази и размисли за секој потфат (Polyb., x.21.8; *cf.* xii.28a)."[13]

Според тоа, историските биографии, во вистинска смисла на зборот, што биле инспирирани и посветени на делото на Александар III, остануваат (од аспект на темата) осамена појава во хеленистичката историографија. Во III век пр. н.е. не е создадена традиција за пишување биографии на владетелите.

Ефор,[14] современикот на Теопомп, тргнал по друг пат.[15] Неговото дело *Historiai* во 30 книги, според Полибиј (Polyb., v.33.2; *v.* REINO, 2005), претставува прв обид за пишување на ојкуменска историја; односно дело во кое истовремено биле опишани не само настаните во Хелада туку и на барбарскиот исток. Во неговото дело биле опишани настаните од враќањето на Хераклидите (1069/8 г. пр. н.е.), па сè до опсадата на Перинт (340 г. пр. н.е.). Секоја книга била посветена на одредена географска област, односно народ (DREWS,1963; ID.1976). Според тоа, *Историјата* на Ефор не е ојкуменска историја во вистинска смисла на зборот, туку собирање на историите на различни области во едно дело (*cf.* WALBANK,1957,9 n.15). Всушност, во времето пред походот на Александар III, таквиот обид веројатно не бил ниту соодвете, ниту, пак, возможен. Се разбира, ова не е соодветно место за детална анализа на концептот за ојкуменската историја, нејзините

[12] Всушност, за почеток на овој тип може да се земат делата *Евагора* на Исократ, и *Агесилај* на Ксенофонт.

[13] За разликите меѓу историското дело и пофалните слова зборува и Luc., *Hist. conscrib.*, 7. *cf.* W. KROLL, *RE* Supp. VII (1940), s.v. Rhetorik, coll.1128-9.

[14] За Ефор *v.* POWNALL,2004: 113-42; FORNARA,1983:42-6; *cf.* MARINCOLA,2007:172-4.

[15] Иако, треба да се истакне дека и тој, најчесто по смртта на главните личности, давал заклучно мислење за нивниот карактер. *v.* FORNARA,1983:108-9.

карактеристики и значење.[16] Доволно е само да се каже дека овој обид за пишување на ојкуменска историја, силно влијаел врз Полибиј и подоцнежните историографи, чие време на живеење и творење несомнено повеќе соодветствувало за пишување на една таква историја.

3. Како што можевме да видиме, барем според тематските определби, историографите од III век пр. н.е., во најголема мера ја продолжуваат традицијата од претходните векови. Па сепак, кога се зборува за хеленистичките историографи, со исклучок на неколку автори, најчесто се стекнува впечаток дека станува збор за инфериорни и несигурни извори. Ваквите „предрасуди" произлегуваат од претпоставката дека историографијата во IV и во III век пр. н.е. толку потпаднала под влијание на философијата и реториката, што постоела опасност сосема да исчезне како посебен литературен род. Или, со други зборови кажано, дека овие историографи, повеќе се интересирале за етичките проблеми и проценки на историските личности или пак за стилот на пишување, па посветувале помалку внимание на историското иследување и вистинитото прикажување на фактите.

Што се однесува до проблемот со „ философско-етичката" преокупираност, неспорно е дека историографите од IV и од III век пр. н.е., во однос на Тукидид, си дозволувале многу послободно и полесно да се впуштат во анализирање и оценување на карактерите на главните личности во нивните дела (*cf.* MARINCOLA,2001,110).[17] Па, сепак, иако е точен овој заклучок, во основа, мора да се истакнат неколку забелешки. Прво, ваквата практика не е ограничена само на историографите од овој период. Всушност, доколку ги земеме и само најистакнатите антички историографи – Тукидид, Полибиј, Салустиј, Такит и Амијан Марцелин, на пример – можеме да забележиме дека анализата и оценувањето на главните карактери е составен дел од нивните дела. Па сепак, никој не тврди дека нивните дела делумно губат вредност токму поради оваа карактеристика. Ова нѐ доведува до втората забелешка. Имено, дури и во делата на современите историчари, не ретко се среќава и проценување и анализа на карактерите на античките државници, и не само тоа; често се даваат морални оцени за настани, па дури и процеси. Делата на Т. Момзен или пак на В. Тарн, се исполнети со вакви етички проценки на државниците, па дури и на општествените системи, па никому не му паѓа на памет да им ги оспори местото,

[16] За ојкуменска историја *v.* MARINCOLA,2007; INGLIS & ROBERTSON,2005; MOMIGLIANO, 1987:31-57.
[17] За односот на Теопомп кон поединците и нивните мотиви, *v.* *FGrH* 115 T.20.

значењето и вредноста на овие научници. Дали ја намалува вредноста на нивните дела? Некои веројатно би рекле да, а некои, пак, не. Меѓутоа, со тоа станува јасно дека во прашање е проблем за кој во современата наука сè уште се водат дискусии.[18] Се разбира, ние немаме намера, во оваа пригода, да се впуштиме во расчистување на овој проблем. Целта ни беше единствено да покажеме две работи: прво, „морализирањето“ не е карактеристика ограничена само на историографите од IV и од III век, и второ, наклонетоста на еден автор во својот труд да дава и етички проценки и анализи, сама по себе, не значи дека и научната вредност на делото по автоматизам е намалена.

Од друга страна, се чини дека проблемот со влијанието на реториката врз историографијата во IV и во III век е нешто покомплицирано. Според дел од современите научници, со Ефор и со Теопомп, кои биле ученици и блиски пријатели на Исократ, започнува „реторската“ историографија, при што историографите повеќе биле заинтересирани за стилот и за начинот на кој ги изложуваат настаните, отколку со реалното и со објективното изложување на фактите. Сепак, поновите истражувања покажуваат нешто друго. Имено, нема никаков доказ дека Теопомп и Ефор биле блиски на Исократ и ги напишале своите дела под негово влијание; ниту пак Исократ се залагал за пишување на „реторска“ историја.[19] Од друга страна, Исократ, чија научна активност траела мошне долго, во поглед на стилот, несомнено имал големо влијание врз делата на овие автори. Но, што со тоа? Дали значи тоа дека овие автори, и оние што го следеле нивниот пример, веднаш треба да се окарактеризираат како помалку вредни, поради тоа што посветувале големо внимание на својот стил? Наместо одговор, само ќе потсетиме дека големиот Т. Момзен, за своето дело *Römische Geschichte*, во 1902 г., ја добил Нобеловата награда за литература. Па сепак, не само што тоа не ја намалува вредноста на ова дело туку напротив, Момзен е меѓу малкутемина историчари од XIX век, чии дела сè уште се неизбежно четиво за секој научник.

Во крајна линија, секое историско дело истовремено е и литературно дело. Историјата е меѓу ретките дисциплини од кои истовремено се очекува не само доследно применување на научните методи туку и одреден степен на уметничка вредност. Или со други зборови, научното истражување е независно од изборот на кој начин потоа тоа ќе биде презентирано; затоа, реториката, односно стилот не е антитеза на научното истражување (MARINCOLA,2001:111-2).[20]

[18] Краток преглед за ова прашање кај KAP,2001:90-8.

[19] Детално за ова прашање кај FLOWER,1997:42-62.

[20] За односот историја – литература, *v*. MACAULY,1973.

Па, сепак, паралелите меѓу античката историографија и современата историја не смеат да се одведат предалеку. Пред сè, не смее да се заборави дека во антиката, со исклучок на неколку автори, историографијата е сфаќана како литературен род, а не како научна дисциплина. Навистина, Аристотел прави споредба, односно разлика меѓу поезијата и историјата (Arist. *Poet.* 1451b), но токму фактот што за споредба со историјата е земена поезијата, најдобро покажува дека и двете ги сфаќа како литературни родови. Оттука, се поставува едно значајно прашање: дали античките историографи, темите што подетално ги обработувале, ги одбирале според тоа колку се тие соодветни за добар стилски приказ (CONNOR,1985:465)?

Ова прашање полека доведува до проблемот за целите на историографите во IV и во III век пр. н.е., и до појавата на „трагичката" историографија (ULLMAN,1942). Овој поим во современата наука е искован под влијание на Полибиј, кој ги критикува историграфите, кои, наместо за вистинити, пред сè, биле заинтересирани за сензационалистички прикази, со бројни описи на чудни и на невообичаени појави (Polyb., II.56.10-13, III.58.9).[21] Долго време, појавата на „трагичката" историографија, во современата наука, се врзува со името на Дурид од Самос, кој вели дека „Ефор и Теопомп се недостојни на настаните што ги прикажуваат; окупирани единствено со стилот, на нивните прикази им недостасува *mimesis* и *hedone* (*FGrH* 76 T.12 F.1)." Меѓутоа, цениме дека В. Греј сосема јасно докажа дека нема основа за ваквото тврдење. *Mimesis* како технички поим во хеленската историографија веќе бил во употреба до времето на Дурид (GRAY 1987).[22] Но, што е уште поважно, се чини дека „трагичка" историографија, како правец, воопшто не ни постоела.[23] Всушност, споменатите карактеристики на „трагичката" историографија веќе се присутни уште кај јонските логографи и Херодот. Фактот што кај историографите од IV и од III век пр. н.е., почесто се среќаваат попатетични и посензационални прикази, не е резултат на некаков теоретски трактат што послужил како основа за создавање на нов

[21] За историографите што Полибиј ги обвинува за „трагички" приказ, *v.* WALBANK,1957:8-9.

[22] Во крајна линија, доколку бараме „миметички" израз, се разбира сфатен во литературно-стилска смисла на зборот, тогаш цениме дека нема поголем и поуспешен автор од Херодот, кој не случајно на натписот во Халикарнас, подигнат во негова чест, е наречен Ἡρόδοτον τὸν πεζὸν ἐν ἱστορίαισιν Ὅμηρον (ISAGER,1998, l. 43; *cf.* LLOYD-JONES,1999:10-1).

[23] Детално за ова прашање кај WALBANK,1960. *cf.* FORNARA,1983:134-7.

правец во историографијата,[24] туку попрво на менувањето на вкусовите на публиката во овој период; а, пак, секој историограф, зависно од неговото сфаќање на историјата и нејзините цели и задачи, во поголема или, пак, помала мера, реагирал на тие нови вкусови. Всушност, како што истакнува В. Греј, *mimesis* попрво се однесува на стилските карактеристики и на јазикот на еден историограф, односно инструментите со кои тој се обидува да постигне повозбудлив приказ и ефект (GRAY 1987, 486),[25] а како што веќе споменавме, посветувањето на поголемо внимание на стилот не мора да значи и занемарување на вистинитоста на приказот. Или поедноставно кажано, тоа што се толкува како новина во хеленистичката историографија, во основа претставува реакција на сфаќањата и стилот на Тукидид и на навраќање на изразот на Херодот.

Од друга страна, дефинирањето на „трагичка“ историја, попрво се темели на изборот на темите што ги обработувале овие историографи и прикажувањето на историските настани со трагички заплет, а не на стилскиот израз. Ова пак, доведува до значењето на *hedone* и на целите на овие историографи. Според дел од современите историчари, окупирани, пред сè, да понудат интересен и забавен приказ на настаните, историографите од овој период не биле премногу заинтересирани ниту за детално иследување ниту, пак, за тоа дали нивните прикази се сосема вистинити (*e.g.* WALBANK,1990). Ваквиот впечаток, главно, се темели на критиките што ги упатува Полибиј кон своите претходници и современици. Така, се создава спротивставеност меѓу Полибиј, кој се залага за пишување на историски дела што имаат практична, пред сè дидактичка вредност, и најголемиот дел од историографите од III век

[24] Често се претпоставува дека овој трактат би можел да биде трудот на Теофраст *Peri historias*. Меѓутоа, не само што не може да се каже, речиси ништо, со сигурност за тоа кои теми биле опфатени во овој труд туку од Кикерон дознаваме дека Теофраст го фалел токму стилот на Херодот и на Тукидид, чии стилови, иако богати, сепак ја избегнале пренатрупаноста на изразот на Горгија (Cic. *Orat.*, 39). Според тоа, како што заклучува Волбанк, доколку Теофраст го ценел стилот на Тукидид, тешко дека би го прифатил и оној на Дурид (WALBANK,1960:219-20).

[25] Ваквиот заклучок, на прв поглед може да се чини спротивен на она што го вели Дурид, кој во одредена смисла *mimesis* го поставува како спротивност на стилот. Меѓутоа, цениме дека тоа што Дурид сакал да го каже е дека Теопомп и Ефор биле заинтересирани само за стилот заради самиот стил, односно формалниот аспект на историографскиот израз, а не и за потенцијалниот ефект од нивниот избор на зборови и начин на раскажување. Или, со други зборови, не дека *mimesis* е спротивност на изразот и стилот, туку напротив, негов составен дел, што треба да доведе до *hedone*, а токму тој аспект го запоставиле споменатите историографи. Јасна дефиниција на *mimesis* како историографски поим дава Дионисиј од Халикарнас, кој вели дека „подражавањето на карактерите и чувствата“ е една од основните доблести на историографскиот стил (Dion. Hal., *ad pompeium* 3.18). *cf.* MARINCOLA,1997:13-9.

пр. н.е., чија главна цел била единствено да создадат возбудливо четиво што ќе ги забавува читателите. Неспорно е дека по својата совесност и желба јасно да се дефинираат задачите и методите на историографијата, Полибиј ги надминува не само современиците туку и повеќето од античките историографи, воопшто.

Меѓутоа, се чини дека токму тука, под влијание на Полибиј, лесно може да се западне во замка и целото прашање да се одведе во погрешна насока. Имено, јасно е дека целите и задачите што ги поставува Полибиј пред историчарот, на современиот научник му се многу поблиски отколку некој историограф, кој ја сфаќа историографијата, пред сè, како „лесно" и забавно четиво. Но, вистинското прашање е: дали историографот, кој, пред сè, е заинтересиран за создавање на интересен и на забавен приказ, е неопхоно принуден како цена на својата цел да ја жртува вистината? Во една опсежна и детална студија, П. Брант, всушност, покажа дека нема основа овие историографи по автоматизам да се отфрлат како неверодостојни автори, кои, без двоумење си дозволувале да ги менуваат фактите само за да постигнат емотивен ефект (BRUNT, 1983: 181-209). Всушност, дури и кај историографите, кои претендираат на вистинит и објективен приказ, како што се Тукидид, Полибиј и Такит,[26] не ретко може да се забележат примери, каде што фактите се, најблаго кажано, искривени или пак развлечени.

Па сепак, адаптацијата на Дурид на приказот на Херодот за одмаздата на атињанката, несомнено е подраматична и поемотивна (F. 24 - Hdt. v.87.2). Меѓутоа, мора да се истакне дека ваквите прикази не отсуствуваат ниту од делото на Полибиј, кој, како што видовме, се јавува како најжесток противник на „трагичката" историографија.[27] Особено може да се истакне третманот на Филип V кај Полибиј, кој добива речиси трагички размери.[28] Во крајна линија, ваквата состојба и не е премногу изненадувачка. Како што веќе истакнавме, античката историографија е, пред сè, сфаќана како еден книжевен род; а како и сите други родови, и таа долго време, ако не и до самиот крај, директно или индиректно постојано ќе остане под влијание на славните епови на Хомер, кои од своја страна изобилуваат токму со вакви драматични и возбудливи прикази.[29] Во крајна линија, токму кај

[26] Ова особено важи за Такит, чие мото *sine ira et studio* попрво претставува недостижен идеал, а не фактичко постигнување. За Полибиј нешто повеќе ќе биде кажано понатаму.
[27] За вакви примери кај Полибиј, *v*. WALBANK,1957:14-5.
[28] За приказот на последните години од владеењето на Филип V кај Полибиј, *v*. WALBANK,1938.
[29] За влијанието на Хомер врз историографијата, *v*. FORNARA,1983:62-3,76-7; HORNBLOWER,1994:7-10; WOODMAN,1988:1-69.

Тукидид можат да се забележат повеќе примери што неспорно се под влијание на трагичката поезија.[30] Во оваа пригода, доволно е да упатиме на само еден приказ (Thuc., III.113). Амбракискиот гласник е испратен во Акарнанија за да ги побара телата на неговите загинати сограѓани. Но, постепено, тој осознава дека и амбракиските засилувања се поразени и тогаш, „гласникот заплака, и вчудоневиден од размерите на несреќата што ги снашла, веќе не ги ни бараше телата и веднаш замина без да ја исполни задачата (Thuc., III.113.5.). Секој што е барем малку упатен во трагедиографските дела, веднаш ќе забележи дека тука, всушност, станува збор за сцена на ἀναγνώρισις, што е карактеристичен елемент за трагедијата (LATEINER,1977; MARINCOLA, 2001:84.).

Поради тоа, доколку присуството на возбудливи прикази воопшто, може да се сфати како недостаток, тогаш тоа е недостаток што е карактеристичен за целата античка историографија, а не само за историографите од IV и од III век пр. н.е. На крајот на краиштата, дека поимот „трагичка" историја е во суштина несоодветен и води во погрешна насока, може да се забележи од фактот што и кај Полибиј, трагедијата не се споменува како стриктен технички поим, туку попрво опфаќа цела палета од сензационални, полуреални и претерано опширни описи за кои тој ценел дека не се соодветни за едно историографско дело (SHEPENS,2005:162).

Со ова, полека го приврherшуваме овој краток и општ приказ на главните обележја на историографијата во хеленистичкиот период. Како што можевме да забележиме едноставен суд, кој би можел да ги опфати сите историографи од овој период е невозможен, и тоа не само поради фрагментарноста туку и поради различјето на темите и на методите што ги примениле овие автори. Тоа што за нас беше највconfigurationажно, е да покажеме дека често историографијата од овој период сосема неосновано, премногу лесно и еднострано се обележува како неверодостојна и дегенерирана во однос на претходниот период. Така, и покрај сите предизвици и опасности да биде проголтана од философијата и реториката во овој период, Г. Прес со право заклучува дека историографијата, сепак, ја зачувала својата посебност и како род и како дисциплина со посебни цели и задачи (PRESS,1982:44).

Се разбира, како и во секој период до денес, и во хеленистичкиот имало и подобри и послаби историографи. Меѓутоа, најважно е да се заборават предрасудите кон овие историографи земени како една целина, а на секој автор да му се приоѓа и да се оценува посебно. Јасно

[30] За влијанието на трагедијата врз Тукидид *v.* CORNFORD,1907, *passim*; WOODMAN,1988, 27, 60-1 n.157, каде што се наведени паралели со Ајсхил и со Еврипид.

е дека во оваа пригода, таквиот обид е не само невозможен туку и непотребен.

4. Како пример за тоа што до сега беше кажано, сосема накратко ќе се задржиме на Филарх, односно на критиките што Полибиј ги упатил кон овој историограф. Најверојатно од Атина, Филарх напишал повеќе дела (Suda, s.v. Φύλαρχος (phi, 828)), меѓу кои несомнено најважна е *Historiai*, која набрзо ги потиснала приказите на останатите историографи, а тој бил прифатен како најавторитативен автор за периодот од смртта на Пир (272 г. пр. н.е.), до смртта на Клеомен III (219 г. пр. н.е.). За жал, од неговото дело се сочувани само околу 70 фрагмента. Неговото дело послужило како главен извор на Помпеј Трог, најверојатно и Диодор, и биографиите на Плутарх на Клеомен III, Агид и во одредена мера и Арат и Пир.[31] Меѓутоа, Филарх најверојатно е најпознат како една од главните жртви на жестоките критики на Полибиј, што му нанесува речиси непоправлива штета на неговиот углед како сериозен и веродостоен историограф. Во поново време, дел од современите историчари, се обидуваат да го рехабилитираат Филарх, при што се истакнуваат и слабостите на Полибиј и неговиот приказ на настаните во Хелада во времето на Антигон Досон (SHEPENS,2005; HAEGEMANS & KOSMETATOU,2005).

Пред да го дадеме нашето мислење, накратко да видиме во што се состои точно, критиката на Полибиј. Кога доаѓа до приказ на војната со Клеомен III, пред Полибиј се појавува една дилема: дали како главен извор да го ползува Филарх, или пак мемоарите на ахајскиот државник Арат. Одбирајќи главно да го следи Арат, Полибиј чувствува дека треба да даде образложение за својата одлука. Ова образложение се состои од жесток напад врз Филарх и неговото дело. Цениме дека оваа постапка може да се толкува на неколку рамништа.

Пред сѐ, првата причина за непријателството кон Филарх, несомнено е патриотизмот на Полибиј. Имено, како воодушевен приврзаник на Клеомен III, Филарх бил не само антимакедонски туку и антиахајски настроен. За Полибиј, инаку активен политичар во Ахајскиот сојуз, само по себе, ваквото држење на Филарх е недостаток. Не ни можеме да очекуваме нешто друго од еден историограф, кој дава мошне опасна изјава дека „авторите треба да покажуваат пристрасност кога пишуваат за својата татковина, но не и да даваат прикази кои се спротивни на фактите (Polyb., xvi.14.6.).“

[31] Детално за Филарх кај GABBA,1957; J. KROYMANN, *RE* Supp. 8 (1956), s.v. Phylarchos, coll. 471-89.

Второ, како што истакнува Г. Шипенс, главниот мотив за критиките на Полибиј, насочени кон Филарх, е тоа што ахајскиот историограф, во крајна линија морал да го оправда својот избор. Поради тоа, за да покаже дека мемоарите на Арат се поверодостојни, Полибиј е принуден да докаже дека Филарх е неспособен и неверодостоен историограф, чие дело неоправдано се стекнало со поголема популарност (SHEPENS,2005:141-2; *cf.* HAEGEMANS & KOSMETATOU, 2005:129). Во основа, не може да се стави никаков приговор на ваквиот заклучок. Меѓутоа, мора да се истакне дека доколку ова била единствената, или пак, главната причина за нападот на Полибиј, тогаш тој можел да ја реши и на поелегантен начин. Имено, едноставно можел да го премолчи прашањето за тоа кој извор е подобар и да го даде приказот на Арат без понатамошен коментар. Фактот што Полибиј вложува толку труд во нападот врз Филарх, нé тера да помислиме дека одбраната на Арат, колку и да е значаен фактор, сепак не може да е единствениот мотив.

Ова нè доведува до прашањето за полемиката и односот на Полибиј не само кон Филарх туку и воопшто, кон своите претходници. Како што е познато, агонскиот елемент е длабоко всаден, не само во хеленската историографија туку и во хеленската култура, воопшто.[32] Често се истакнува личниот карактер на агонот кај историографите, односно желбата да се покаже дека претходниците, или пак, современиците, едноставно не се достојни, при што се можни и претерувања и извртувања на фактите. Меѓутоа, мора да се истакне еден факт што се чини дека денес често се заборава. Тоа што делата на повеќето антички историографи денес се загубени, не значи дека било така уште во антиката. Или со други зборови кажано, еден читател на Полибиј, веројатно, без поголеми проблеми можел да го набави и текстот на Филарх. Затоа, колку и да станувало збор за борба и обиди за истакнување на сопствените квалитети наспроти слабостите на ривалите, овие историографи не можеле едноставно да измислуваат недостатоци кај соперниците. Во крајна линија, критиките се засновале на опсервации и детално познавање на делата на останатите историографи.[33]

Во таа смисла, не треба да се заборави дека Филарх не е единствената „жртва“ на критиките на Полибиј, а меѓу нив се и автори како на пример Теопомп, чии дела, барем од тематски аспект, немаат никаква допирна точка со она на ахајскиот историограф. Според тоа, не би

[32] За агонот како дел од хеленската култура, *v.* LLOYD, 1987:83-108; S. J. INSTONE & A. J. S. SPAWFORTH, *OCD*³, s.v. agones.
[33] Добар преглед за агонот во историографијата кај MARINCOLA,1997:218-36.

можело да се прифати дека единствен мотив за агонскиот аспект кај Полибиј е желбата да се промовира сопственото дело на сметка на своите претходници. Всушност, се чини дека во голем дел нападите на Полибиј насочени кон претходниците, произлегуваат од искрено уверување во супериорноста на сопствениот метод и недостатоците кај останатите историографи (*pace* WALBANK,1962; ID.,2005; PEDECH, 1964, *passim*). Во крајна линија, како што заклучува Ф. Волбанк, фактот што од делата на сите овие историографи, вклучувајќи го и Полибиј, до денес останале само фрагменти, оневозможуваат донесување на сигурен и конечен суд за прашањето за издржаноста на критиките на Полибиј врз останатите историографи (WALBANK, 2005:18).

Но, да се вратиме на односот меѓу Филарх и Полибиј. Во еден прилично долг екскурс, Полибиј безмилосно го напаѓа Филарх, при што го обвинува за небрежност, пренесување на неточни информации, непотребно опишување на разни ужаси, и отсуство на каква било анализа на причините и околностите за настаните (Polyb., ii.56). Ова тврдење го поткрепува со три примери: приказот на страдањата на Мантинејците кога градот бил освоен од Антигон Досон (Polyb., ii.57-8), сожалувањето на судбината на Аристомах од Аргос (Polyb., ii.59-60) и преувеличувањето на успехот на Клеомен III при освојувањето на Мегалопол (Polyb., ii.61-3). Вториот пример несомнено е најнеубедлив и тука попрво го гледаме Полибиј патриотот и ахајскиот државник.[34] Од друга страна пак, тврдењето дека Клеомен III при освојувањето на Мегалопол собрал плен од 6 000 таланти е несомнено погрешно и претерано и тука Полибиј го гледаме во најсветло издание, каде што, со луцидни забелешки и споредби, целосно го побива приказот на

[34] Аристомах II своевремено се откажал од тиранската власт во Аргос и градот го приклучил кон Ахајскиот сојуз, но подоцна минал на страната на Клеомен III. Откако Аргос паднал во рацете на Антигон Досон и на Ахајскиот сојуз, според Филарх, Аристомах бил брутално мачен и погубен. Полибиј се обидува да ги ослободи Арат и Антигон од вината за тоа што го снашло Аристомах. Критиката на Полибиј не само што не е уверлива туку ги покажува и слабостите на овој историограф. Навистина, тој не се обидува да докаже дека Арат не бил одговорен за неговата смрт, туку попрво дека Аристомах го стигнала заслужена казна. Меѓутоа, вмешувањето на Антигон Досон во целата приказна, се чини како очајнички обид, Арат делумно да се ослободи од вината. Имено, Плутарх, односно Филарх (Plut., *Arat.*, 44.6.) истакнува дека за судбината на Аристомах, конкретно бил обвинуван Арат. Од друга страна, обвинувањето на Полибиј дека Аристомах своевремено погубил 80 најугледни Аргосци, изгледа сомнително. Затоа, целиот дел изгледа проблематично. Се чини дека во основа, јадрото на проблемот се недоразбирањата и ривалството меѓу Арат и Аристомах, од времето кога Аргос бил дел од Ахајскиот сојуз. (Анализа кај WALBANK,1957:265-6; *cf.* ID. 1933:103, каде што, сепак, се чини дека Волбанк има преголема доверба во Полибиј. Поскептична и поурамнотежена анализа дава FREEMAN,1893:384-5. *cf.* HAEGEMANS & KOSMETATOU,2005:135-6.)

Филарх, кој, во секој случај, во голема мера, му ја олеснил задачата на својот критичар (Polyb., ii.62-3).[35]

Можеби најпроблематичен е првиот пример, каде што се зборува за страдањата на Мантинејците. Во овој случај Полибиј го обвинува Филарх не само за тоа дека посветил премногу внимание на детален опис на страдањата на Мантинејците туку и дека не ја објаснил целата ситуација од која јасно се гледа дека го заслужиле тоа што ги снашло. Од една страна, аргументот дека Мантинејците ги снашла заслужена казна, повторно е суд на Полибиј – ахајскиот државник, а не историограф. Исто така, споменувањето на потенцијални напади од Ајтолците е очигледна измислица произлезена од перото на Арат (WALBANK, 1957:263-4; *cf.* BÖLTE, *RE* XIV/2 (1930), s.v. Mantineia, col. 1328).[36] Меѓутоа, прашањето е дали овие трагички описи кај Филарх имаат цел единствено да ги возбудат читателите или, пак, служат и како пропагандно средство. Иако конечен и сосема сигурен одговор не може да се даде, сепак цениме дека еден пример подобро го осветлува ова прашање. Иако Плутарх, како главен извор за биографијата на Пир, го користел Хиероним од Кардија, во описот на борбите кај Спарта, се чини дека го користел Филарх (Plut. *Pyrrh.*, 27 = *FGrH* 81 F. 48).[37] Не само што е даден спектакуларен приказ, каде што главна улога играат Спартанките, туку и воопшто не се споменуваат засилувањата од Аргос и Месенија. Нивното испуштање, можеби, и може да се одбрани со фактот што настаните зеле толку брз тек, што овие засилувања најверојатно не ни можеле да стигнат навреме. Но, тоа покажува повеќе колку е нереална информацијата дека спартанскиот басилеј Ареј навреме се вратил од Крит.

Од друга страна, описот на борбите околу Аргос кај Плутарх, се чини дека е преземен од Хиероним (*contra* NIESE,1899:60 n.3). Кај Павсанија, пак, се среќава сосема различен приказ за овие настани. Во неговиот опис, доаѓа до битка меѓу Антигон и Пир, при што Антигон е поразен (Paus., I.13.7-8). Меѓутоа, Павсанија истакнува дека неговата верзија се разликува од онаа на Хиероним (Paus., i.13.9). Слична верзија наоѓаме и кај Јустин (Just., xxv.5.1).[38] Иако Хиероним би имал причини да биде пристрасен кон Антигон, сепак цениме дека е

[35] Анализа на овој дел кај WALBANK,1957:267-70; HAEGEMANS & KOSMETATOU,2005:137-8. *cf.* PEDECH,1964:398.

[36] Детална анализа за проблемот со уништувањето на Мантинеја кај HAEGEMANS & KOSMETATOU,2005:131-5.

[37] Детална и сè уште издржана анализа на поглавјата од 27 до 34, од биографијата на Пир, дава TARN,1913:447-9, чии заклучоци ги следиме во овој преглед.

[38] *cf.* Strabo, VIII.6.18. кај кого Пир, исто така, е убиен пред ѕидините на градот, а не во него.

правилен заклучокот на В. Тарн, според кого, верзијата на Плутарх е поверодостојна. Што се однесува до изворот на Павсанија и Јустин, односно Помпеј Трог, не може да се даде сигурен одговор. Како што видовме, овие настани биле опишани во делата на повеќе историографи од тој период. Сепак, претпоставката дека зад овој приказ стои Филарх не е неразумна. Ваквата претпоставка ја темелиме на два аргумента, иако навистина ниту еден од нив не е одлучувачки. Прво, Филарх бил еден од главните извори на Помпеј Трог за овој период. Второ, тука е одлуката на Плутарх наместо Филарх, кого очигледно го користел во претходните глави, да го замени со Хиероним, што недвосмислено покажува дека приказите кај Хиероним и Филарх се разликувале. Тоа што нè наведува на помислата дека зад описот кај Павсанија и Трог, а во основа и кај Страбон, стои Филарх, е фактот што се чини дека од сите историографи што пишувале за тој период, неговото дело – како што признава и Полибиј – било најчитано.

Доколку оваа наша претпоставка е точна, а уште еднаш мораме да истакнеме дека нема одлучувачки аргумент, тогаш во овој приказ имаме јасен пример за субјективноста на Филарх и за неговото слободно прикажување на настаните. Или, со други зборови, доколку се навратиме на претходното прашање, претерувањата и сензационализмот кај овој автор не се само безопасни инструменти за предизвикување на емоции и забава кај читателите туку и пропагандни средства. Така, иако се чини дека делумно тргнал од погрешни причини и по погрешен пат,[39] сепак, во критиката на Филарх, Полибиј во голема мера пристигнува на вистинската цел. К. Хегеманс и Е. Козметату се обидуваат да го одбранат Филарх со еден прилично чуден аргумент – обвинувањето на Полибиј дека Филарх пишувал премногу сензоционалистички, попрво произлегувал од неговата нетрпеливост кон овој историограф; додека, пак, кога му чинело, и Полибиј знаел да се впушти во исто толку трагички прикази (HAEGEMANS & KOSMETATOU, 2005:136-7). Ние веќе споменавме дека ваквите прикази не му се туѓи на Полибиј, но дали тоа значи дека и неговата критика кон Филарх е неоправдана? Цениме дека К. Хегеманс и Е. Козметату тука не успеале сосема докрај да ја сфатат суштината на критиката на Полибиј. Имено, Полибиј не ја критикува употребата на трагички прикази *per se*, туку фактот што Филарх давал такви прикази постојано, дури кога тоа било несоодветно. И токму во таа

[39] Оттука не е ни зачудувачки што во критиката на Филарх, најмногу место и труд е посветено на третиот аргумент на Полибиј, каде што претерувањето на Филарх било повеќе од очигледно; додека пак другите два аргумента се најблаго кажано проблематични.

забелешка, се крие суштината на неговото обвинување за *terateia* во приказот на Филарх (*cf.* MARINCOLA,2001:127-8). Дека за ова прашање Полибиј не е далеку од вистината, говори и фактот што значителен дел од сочуваните фрагменти на Филарх, се однесуваат на разни љубовни приказни, описи на чудно однесување на животни и воопшто, чудни и невообичаени случки (*FGrH* 81 Ff. 4, 10, 12, 17, 21, 24, 26-8, 30, 31, 32, 35, 38, 40, 41, 61, 70, 71, 75, 81). Поради тоа, иако некои современи историчари се обидуваат да го рехабилитираат Филарх (*e.g.* STRASBURGER, 1975), барем според сочуваните фрагменти, се чини дека во основа, сепак, станува збор за прилично несигурен извор (K. MEISTER, *OCD*3, s.v. Phylarchus.).[40]

5. Ваквиот суд за Филарх не е изненадувачки, ниту пак е некаква новина. Меѓутоа, за современиот историчар, важноста на нападите на Полибиј врз Филарх, можеби и не е толку во критиките искажани на сметка на Филарх колку што е во откривањето на слабостите токму на Полибиј, кој ужива углед на еден од најтрезвените и теоретски најсистематични историографи во антиката. Некои загрижувачки елементи, како што се очигледната пристрасност кон Ахајскиот сојуз и потребата да се одбрани Арат Постариот по секоја цена, веќе беа споменати. Во таа насока, сосема е очекуван и изборот на Полибиј, како главен извор за најраните настани, опфатени во неговата *Историја*, да го земе делото на Арат Постариот – највлијателниот ахајски државник, кој, долги години, имал главен збор во политиката на сојузот.

Најверојатно на поодмината возраст, Арат напишал мемоари (*Hypomnemata*) во повеќе од 30 книги, каде што ја опишал својата кариера до cca. 220 г. ст. е. За жал и од ова дело се сочувани незначителни фрагменти (*FGrH* 231 T. 2. *cf.* WALBANK,1933:6-9). Меѓутоа, две работи се сосема јасни. Од една страна, авторот на една автобиографија е исправен пред задачи и цели што во голема мера се разликуваат од оние на историографот (WALBANK,1933:7). Затоа, ваквите дела не можат да се оценуваат според историографските мерила.[41] Од друга страна, сосема е јасно дека делото на Арат имало, пред сè, апологетски карактер,[42] каде што некои „незгодни“ одлуки и постапки (а барем во неговата кариера тие и не биле баш малубројни)

[40] Недостатоците на Филарх не му останале непознати ниту на Плутарх (Plut., *Themist.*, 32.3; *Arat.*, 38.12).

[41] Убава анализа за недостатоците на мемоарската литература дава Cic., *ad fam.*, v.12.8.

[42] Оваа карактеристика на делото на Арат ја истакнува уште Плутарх (Plut., *Arat.*, 33, 38; *Agis*, 15.4). *v.* HAEGEMANS & KOSMETATOU,2005: 124-9. *cf.* WALBANK,1933:6-9.

биле премолчувани, а пак, некои објаснувани во сосема друго светло, се разбира, во корист на авторот. Поради тоа, како што заклучува Ф. Волбанк, „Арат историчарот не може сосема да се одвои од Арат политичарот, а недостатоците на едниот се и недостатоци на другиот (WALBANK, 1933:9).“ В. Тарн, пак, иако уште пожесток, се чини дека е во основа во право, кога вели дека „главната цел на Арат при пишувањето на *Мемоарите* не била ниту вистината ниту, пак, воздигнување на Ахајскиот сојуз, туку одбрана на сопствените постапки (TARN, 1913:414).“

Па, сепак, како што веќе споменавме, токму *Мемоарите* на Арат му послужиле како главен извор во II книга на Полибиј. Во оваа пригода, нема потреба детално да се задржуваме на делото на овој, по многу нешта, извонреден историограф.[43] Во оваа пригода, единствено ќе му посветиме внимание на прашањето за односот меѓу Арат и Полибиј.

Имено, можеби фактот што Полибиј го зел Арат како главен извор и не е толку загрижувачки колку неговото тврдење дека делото на Сикионецот е „веродостојно и јасно напишано (Polyb., ii.40.4).“ Во одредена смисла, ова тврдење може да се сфати и како реакција на попопуларното дело на Филарх. И навистина, на друго место, Полибиј се обидува да ги оправда недостатоците во делото на Арат истакнувајќи дека од политички причини бил принуден да премолчи некои настани во своите *Мемоари* (Polyb., ii.47.11). Фактот што Полибиј се чувствувал принуден да ја оправда постапката на Арат, во основа покажува дека недостатоците во *Мемоарите* на Арат не му останале непознати. Ваквата претпоставка може да се поткрепи и со фактот што за некои настани – како што е смртта на Антигон Досон, битката кај Селасија, или пак, мегалополското пратеништво до Досон – Полибиј очигледно користел други извори, вклучувајќи го и Филарх (WALBANK, 1933:11-2). Па сепак, значењето на овие примери не смее да се преувеличува. Имено, тие се толку малубројни што мора да се заклучи дека за периодот до 220 г. пр. н.е., Полибиј во најголема мера како извор ги користел *Мемоарите* на Арат, што од своја страна нè принудува, во голема мера, да се сомневаме во објективноста на неговиот приказ.

[43] За делото на Полибиј, пред сè, мора да се консултира монументалното тритомно дело на Волбанк (WALBANK,1957,1967,1979); според многумина најуспешниот труд од овој тип на научни дела. Поконцизен преглед дава истиот автор во биографијата на Полибиј (WALBANK,1972). Вистинска ризница на информации претставува и делото на Педеш (PEDECH,1964). Преглед на најважната литература за Полибиј, во последните неколку децении, кај WALBANK,2002, ch.1. Повеќе важни трудови произлегоа од меѓународниот собир во 2005 г. посветен токму на Полибиј.

Прашањето, пак, чиј приказ е поверодостоен, оној на Филарх или пак на Арат, за нас не е од суштествена важност. К. Хегеманс и Е. Козметату, на пример, ценат дека од изборот меѓу приказот на Арат/Полибиј или Филарх, оној на атинскиот историограф изгледа како помало зло, барем што се однесува до војната на Клеомен (HAEGEMANS & KOSMETATOU,2005:139). Иако не сме сосема убедени од нивниот заклучок, во една работа сосема се сложуваме – станува збор за избор меѓу две зла.

Иронично, но токму поради постојаното инсистирање на методолошка издржаност и објективен приказ на настаните, и благодарение на безмилосните напади на останатите историографи токму по оваа линија, Полибиј самиот ги открива сопствените слабости. Навистина, доколку решението на Полибиј како главен извор ако го земе делото на Арат Постариот би бил единствениот проблем во неговото дело, би можело барем во одредена мера да се оправда и да се разбере. Впрочем, како и сите други историографи, а и сите современи историчари, и Полибиј, кога пишувал за собитија од минатото, на кои не бил сведок, зависел од делата на неговите претходници. Веројатно и не е случајно што повеќето од најголемите антички историографи – Тукидид, Хиероним од Кардија, Полибиј, Салустиј, Амијан Маркелин – биле сведоци на собитијата за кои пишувале. Тоа што во конкретниов случај неговиот избор бил ограничен меѓу Филарх и Арат Постариот, секако не е негова вина; додека, пак, изборот делото на Арат – „херојот“ на Ахајскиот сојуз – за главен извор, е сосема разбирлив и очекуван. Меѓутоа, овој пример не е единствениот каде што Полибиј не успева да ги достигне историографските мерила што тој лично ги поставил и на коишто често инсистира. Приказот на последните години од владеењето на Филип V, на кои Полибиј бил сведок, веројатно е најдобро познат пример за тоа дека неретко и тој не можел да им одолее на сопствените убедувања и предрасуди (WALBANK,1938). Така, иако неспоредливо поверодостоен и посовесен историограф од Филарх, и Полибиј неретко може да биде критикуван токму за оние слабости што самиот им ги припишува на останатите; и што современите историчари често им ги припишуваат на античките историографи, особено на оние од III век пр. н.е. На некој начин, тоа го прави делото на Полибиј повремено, исто толку проблематично за користење колку и делото на Филарх, а понекогаш дури и повеќе. Зашто, кај Филарх и сличните автори, и онака се очекуваат бројни недоследности и сомнителни прикази, па веднаш им се пристапува со резерва и внимателност. Од друга страна, на Полибиј, кој ужива углед на совесен и веродостоен историограф, често претерано му се верува,

без притоа да се остави место за сомнеж во неговите мотиви и можни (не)намерни грешки, што потоа создава дополнителни проблеми при обидите за расветлување на собитијата опишани во неговата *Историја*. Затоа, би било добро да се запомни дека, иако во најголемиот дел навистина е супериорен во однос на своите современици и непосредни претходници, сепак и Полибиј, често, токму при описот на настани од клучно значење, потфрла и попушта пред сопствените политички, квази философски и морални сфаќања.

**Извори:**


Aristoteles.1966. A*rs Poetica* (ed. R. Kassel), Oxford.

Tulius, Cicero M.1901. *Epistulae ad Familiares*, (ed. L. C. Purser), Oxford.

1911. *Orator*, (ed. A. S. Wilkins), Oxonii.

Halicarnassensis, Dionysius.1904: *Epistula ad Pompeium Geminum*, *in* Dionysii Halicarnasei Quae Exstant, Volumen Sextum (ed. L. Radermacher), Leipzig.

Jacoby, F..1923-1958. *Die Fragmente der griechischen Historiker*, Berlin-Leiden.

Herodotus.1921. *Historiae*, 4. vols. (ed. A. D. Godley), London-New York.

Justinus M. Junianus.2003: Abrégé des *Histoires Philippiques* de Trogue Pompée, texte établi et traduit par Marie-Pierre Arnaud-Lindet (en ligne).

http://www.forumromanum.org/literature/justin/index.html

Lucianus.1913. *Quomodo historia conscribenda sit*, *in* Luciani Samosatensis Opera, Vol II. (ed. K. Jacobitz), Leipzig.

Pausanias.1903. *Graeciae Descriptio*, recognovit F. Spiro, Lipsiae.

Plutarch.1914-6. *Plutarch's Lives*, greek text and facing english translation by B. Perrin, 11 vols. (Loeb Classical library), London,.

Polybius.1963-1995. *Historiae*, edidit T. Bvettner-Wobst, editio stereotypa editionis, 5 vols. Stvtgardiae.

Strabo.1877. *Geographica*, (ed. A. Meineke), Leipzig.

*Suda on line* http//www.stoa.org/sol/

Thucydides.1942. *Historiae*, (ed. H. S. Jones), Oxonii.


**Литература:**


Austin,Michel. M.2006. *The Hellenistic World from Alexander to the Roman Conquest (sources in translation)*², Cambridge University Press, Cambridge.

Bearzot, Cinzia.2005. „Polybio e Teopompo: osservazioni di metodo e giudizio morale", *in* G. Schepens & J. Bollansée (edd.), *The shadow of Polybius, intertextuality as a research tool in Greek Historiography*, Peeters Publishers, Leuven-Paris-Dudley, 2005.

Bosworth, A. B.1996. „The historical setting of Megasthenes' *Indica*", *CPh* 91: 113-27.

Bruce, I. A. F.1970. „Theopompus and Classical Greek Historiography", *History & Theory* 9.1:86-109.

Brunt, Peter. A.1980. „On Historical Fragments and Epitomes", *CQ* (n.s.) 30.2: 477-494.

1983. *Studies in greek history and thought*, Oxford University Press, Oxford.
Bury, John. B.1909. *The Ancient Greek Historians*, MacMillan & Co., London.
Connor,W. R.1985. „Historical writing in the fourth century B.C. and in the Hellenistic Period“, *in* P. E. Easterling & B. M. W. Knox (edd.), *The Cambridge history of classical literature, vol.1 (Greek literature)*, Cambridge University Press, Cambridge, 1985:458-71.
Cornford, Francis. M.1907. *Thucydides mythistoricus*, Edward Arnold, London.
Dillery,John.1999. „The First Egyptian Narrative History: Manetho and Greek Historiography“, *ZPE* 127: 93-116.
Drews, Robert.1963. „Ephorus and History Written κατὰ γένος“, *AJPh* 84.3: 244-255.
1976. „Ephorus' κατὰ γένος History Revisited“, *Hermes* 104.4: 497-8.
Erskine, Andrew.2005. „Approaching the Hellenistic World“, *in* A. Erskine (ed.), *Blackwell Companion to the Hellenistic World*, Wiley-Blackwell, Malden-Oxford-Victoria, 2005:1-15.
Flower, Michael. A.1997. *Theopompus of Chios: history and rhetoric in the fourth century BC*, Oxford University Press, Oxford.
Fornara, Charles. W.1983. *The Nature of History in Ancient Greece and Rome*, University of California Press, Berkeley-Los Angeles-London.
Freeman, Edward. A.1893. *History of federal government in Greece and Italy*² (ed. J. B. Bury), MacMillan & Co., London-New York.
Gmirkin, Rusell. E.2006. *Berossus and Genesis, Manetho and Exodus: Hellenistic Histories and the Date of the Pentateuch*, Continuum, New York-London.
Gray, Vivienne.1987. „Mimesis in Greek Historical Theory“, *AJPh* 108.3:467-486.
Hadas, Moses.1959. *Hellenistic culture. Fusion and Diffusion*, Columbia University Press New York.
Haegemans, Karen. & Kosmetatou, Elizabeth.2005. „Aratus and the Achaean Background of Polybius“, *in* G. Schepens & J. Bollansée (edd.), *The shadow of Polybius, intertextuality as a research tool in Greek Historiography*, Peeters Publishers, Leuven-Paris-Dudley, 200:123-39.
Hornblower, Simon.1994. „Introduction: Summary of the Papers; The Story of Greek Historiography; Intertextuality and the Greek Historians“, *in* S. Hornblower (ed.), *Greek Historiography*, Oxford University Press, Oxford:1-72.
Inglis, David. & Robertson, Roland.2005. „The Ecumenical Analytic. 'Globalization', Reflexivity and the Revolution in Greek Historiography“, *European Journal of Social Theory*, 8.2:99-122.
Isager, Signe.1998. „The Pride of Halikarnassos. Editio princeps of an inscription from Salmakis“, *ZPE* 123:1-23.
Кар, Едвард. Х.2001. *Што е историјата*, Слово, Скопје.
Lateiner, Donald.1977. „Heralds and Corpses in Thucydides“, *The Classical World* 71.2:97-106.
Lenfant, Dominique.1999. „Peut-on se fier aux 'fragments' d'historiens? L'example des citations d'Hérodote“, *Ktema* 24:103-21.
Lloyd, Geoffrey. E. R.1987. *The Revolutions of Wisdom*, University of California Press, Berkeley-Los Angeles-London.

Lloyd-Jones, Hugh.1999. „The Pride of Halicarnassus (ZPE 124 [1999] 1-14): Corrigenda and Addenda“, *ZPE* 127:63-65.

Macauly, Thomas. B.1973. „History and Literature“ *in* F. Stern (ed.), *The Varieties of History,* Random House, New York:71-89.

Marincola, John.1997. *Authority and Tradition in Ancient Historiography,* Cambridge University Press, Cambridge.

2001. *Greek Historians,* Cambridge University Press, Cambridge.

2007. „Universal History from Ephorus to Diodorus“, *in* J. Marincola (ed.), *Blackwell Companion to Greek and Roman Historiography,* 2 vols., John Wiley & Sons, Malden-Oxford-Victoria, 2007:171-9.

Momigliano, Arnaldo.1971. *The Development of Greek Biography,* Harvard University Press, Cambridge.

1978. „Greek Historiography“, *History & Theory* 17.1:1-28.

1987. *On Pagans, Jews, and Christians,* Wesleyan University Press, Chicago.

Niese, Benedikt.1899. *Geschichte der griechischen und makedonischen staaten seit der schlacht bei Chaeronea,* t.2 (281-188), Friedrich Andreas Perthes, Gotha.

Oliver, Graham. J.2006. „History and Rhetoric“, *in* G. R. Bugh (ed.), *The Cambridge Companion to the Hellenistic World,* Cambridge University Press, Cambridge, 2006:113-135.

Pearson, Lionel.1943. „Lost Greek Historians Judged by Their Fragments“, *G&R* 12.35/6:43-56.

Pedech, Paul.1964. *La méthode historique de Polybe,* Société d'édition "Les Belles Lettres," Paris.

Pownal, Frances.2004. *Lessons from the Past. The Moral Use of History in Fourth-Century Prose,* University of Michigan Press, Michigan.

Press, Gerald. A.1982. *The development of the idea of history in antiquity,* McGill-Queen's Press, Kingston-Montreal.

Pretzler, Maria.2004. „Turning Travel into Text. Pausanias at Work“, *G&R* (s.s.) 51.2:199-216.

Reino, Antonio. L. C.2005. „Los claroscuros del Éforo de Polybio“, *in* G. Schepens & J. Bollansée (edd.), *The shadow of Polybius, intertextuality as a research tool in Greek Historiography,* Peeters Publishers, Leuven-Paris-Dudley, 2005:19-54.

Rhodes, P. J.2010. „The Literary & Epigraphic Evidence to the Roman Conquest “ *in* J. Roisman & I. Worthington (edd.), *Blackwell Companion to Ancient Macedonia,* John Wiley & Sons, Malden-Oxford-Chichester, 2010:23-40.

Shepen,. Guido.2005. „Polybius on Phylarchus’ “Tragic” Historiography“, *in* G. Schepens & J. Bollansée (edd.), *The shadow of Polybius, intertextuality as a research tool in Greek Historiography,* Peeters Publishers, Leuven-Paris-Dudley, 2005:141-64.

Shiple,. Graham.2000. *The Greek World after Alexander 323-30 BC,* Routledge, London-New York.

Strasburger, Hermann.1975. *Die Wesensbestimmung der Geschichte durch die griechische Geschichtsschreibung*[3], F. Steiner, Wiesbaden.

Tarn, William. W.1913. *Antigonos Gonatas,* Clarendon Press, Oxford.

Tarn, W. W. & Griffith, G. T.1952. *Hellenistic Civilisation*[3], Taylor & Francis, London.
Ullman, B. L.1942. „History and Tragedy“, *TAPA* 73:25-53.
von Fritz, Kurt.1941. „The Historian Theopompos“, *The American Historical Review* 46.4:765-787.
Walban,. Frank. W.1933. *Aratos of Sicyon,* Cambridge University Press, Cambridge, 1933.
1938. „ΦΙΛΙΠΠΟΣ ΤΡΑΓΩΙΔΟΥΜΕΝΟΣ. A Polybian Experiment“, *JHS* 58.1:55-68.
1957. *A Historical Commentary on Polybius, v.1 (books I-VI),* Oxford University Press, Oxford.
1960. „History and Tragedy“, *Historia* 9.2:216-234.
1962. „Polemic in Polybius“, *JRS* 52.1/2:1-12.
1967. *A Historical Commentary on Polybius, v.2 (books VII-XVIII),* Oxford University Press, Oxford.
1972. *Polybius,* University of California Press, Berkeley-Los Angeles-London.
1973. „Review Essay“, *History & Theory* 12.2:230-240.
1979. *A Historical Commentary on Polybius, v.3 (books XIX-XL),* Oxford University Press, Oxford.
1981. *The Hellenistic World*, Fontana, Glasgow.
1984. „Sources for the period“ *in* F. W. Walbank, A. E. Astin, M. W. Frederiksen & R. M. Ogilvie (edd.), *The Cambridge Ancient History*[2]*, vol. VII.1. (The Hellenistic World),* Cambridge University Press, Cambridge, 1984:1-22.
1990. „Profit or Amusement: some thoughts on the motives of Hellenistic historians“, *in* H. Verdin, G. Schepens & E. De Keyser (edd.), *Purposes of History: Studies in Greek Historiography from 4th to the 2nd Centuries B.C.*, Orientaliste, Leuven:235-66.
2002. „Polybian studies, c.1975-2000“, *in* F. W. Walbank, *Polybius, Rome and the Hellenistic World, essays and reflections*, Cambridge:1-27.
2005. „The two-way shadow: Polybius among the fragments“, *in* G. Schepens & J. Bollansée (edd.), *The shadow of Polybius, intertextuality as a research tool in Greek Historiography,* Peeters Publishers, Leuven-Paris-Dudley, 2005:1-18.
Woodman, A. J.1988. *Rhetoric in classical historiography*, Taylor & Francis, London-New York.